Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; и 163/16;), член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров"бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) и врз основа на утврден текст од комисијата формирана од градоначалникот со решение број 09-2830/1 од 30.09.2016 година, Градоначалникот на општина Ѓорче Петров-Скопје, донесе:

**РЕШЕНИЕ**

**За организирање на Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови за вториот квартал од 2017 година**

**Член1**

Се организира Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови согласно член 21 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; и 163/16) , во вториот квартал од 2017 годона.

**Член2**

Соопштението за организирање на Јавниот повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови, ќе биде објавено во дневен весник "Нова Македонија", на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk , во информацискиот систем е – урбанизам и со објава во службено гласило на општината .

**Член3**

Јавниот повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови, ќе трае од 15.09.2017 до 15.10.2017 година, согласно објавата во јавните гласила од член 2 на оваа одлука.

**Член4**

Предмет на Јавниот повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови, е достава на иницијативи од граѓани и правни лица во предвидениот рок, за донесување на нови Урбанистички планови, изменување и дополнување на постоечките Урбанистички планови или урбанистичко – плански документации.

**Член5**

Прифатените иницијативи од овој Јавнен повик, ќе се планираат во Годишната програмата „Ф" на Општина Ѓорче Петров" за 2017 година, како документација финансирана од подносителите – граѓани и правни лица.

**Член6**

Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

**Број 09-2600/1**
**од 13.09.2017 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски**